Република Северна Македонија
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија

подцентрала: 034 348-026, факс 034 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04-1768/2
17-04-2025 год.
СТРУМИЦА

**Предмет:** Барање за објавување на јавен оглас за вработување во општинската администрација на општина Струмица

Почитувани,

Согласно член 22 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24), и член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) бараме да објавите ЈАВЕН ОГЛАС за прием на работници на неопределено време во општинската администрација на Општина Струмица.

Во прилог Ви ја доставуваме содржината на ЈАВНИОТ ОГЛАС.

Со надеж дека позитивно ќе одговорите на нашето барање, однапред Ви благодариме.

Со почит,

Градоначалник
на општина Струмица
Костадин Костадинов

Изработил: ИлијаТилев/СУЧРО
Одобрил: Спасе Глигоров/СУЧРО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК

Врз основа на член 39 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Струмица, членовите 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015 и 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/2019), Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Струмица бр.04-4358/1 од 07.06.2019 година, а согласно со Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Струмица (Број 01-4735/1 од 13.06.2018 година), и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Струмица (број 01-5912/1 од 30.07.2019 година, број 01-6395/1 од 05.11.2020 година, број 01-1664/1 од 18.03.2021, број 01-7288/4 од 16.12.2021 година, број 01-3765/1 од 19.05.2022, број 01-9819/1 од 13.12.2022 година, 01-6562/1 од 16.09.2024 година и 01-773/1 од 05.02.2025 година), Градоначалникот на Општина Струмица објавува

**Ј А В Е Н О Г Л А С бр.03/2025**

за прием на неопределено време во општинската администрација на општина Струмица
на овластени службени лица
од областа на безбедноста во ТППЕ- Струмица,
за следново работно место

1. ПОЖ 02 10 В04 000- Пожарникар спасител, во Територијалната противпожарна единица-Струмица ............................................................2 извршители.

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите, покрај општите услови треба да ги исполнуваат и следните

**Посебни услови**

- ниво на стручни квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити стекнати според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.
- со и без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување како работен стаж.

**Други посебни услови**

- Сертификат за стекната квалификација пожарникар (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето)

**Работни задачи и обврски**

- учествува во гасењето на пожари

- учествува во други спасувачкки акции во кои учествува Територијалната професионална противпожарна единица;
- врши одржување и контрола на исправноста на опремата за гаснење на пожари и спасување;
- учествува во други спасувачкки акции во кои учествува Територијалната професионална противпожарна единица со возилото со кое е задолжен;
- ја контролира исправноста на возилото и опремата која е негов составен дел;
- води евиденција за сите настанати промени кај возилото;
- учествува во противпожарно обезбедување на настани од јавен карактер
- врши редовни кондициони и стручни вежби заради одржување на стручната способност;

**Кандидатите кои пријавата треба да ги достават следниве документи**

- Мотивационо писмо и Кратка биографија (пополнети во самата пријава)
- Уврение за државјанство (оригинал или заверено на нотар)
- Лекарско уверение како доказ дека има општа здраствена способност за работното место за кое се пријавува (оригинал)
- Уверение дека не е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност
- Уверение/диплома за завршено соодветно образование (оригинал или заверено на нотар)
- Извод од историјат на вработување од Агенцијата за вработување како доказ за работно искуство

**Пријавата за вработување треба да содржи**

- Податоци за огласот,
- Лични податоци на кандидатот: Име и Презиме; Припадност на заедницата; Датум на раѓање; Пол; ЕМБГ; Адреса на живеење според податоци запишани во лична карта; Податоци за контакт (адреса, телефон, e-mail адреса),
- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување на ДА/НЕ за секој услов одделно,
- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување на ДА/НЕ за секој услов одделно,
- Изјава за исполнување на други посебни услови за работното место со наведување на ДА/НЕ,
- кратко мотивационо писмо и биографија,
- изјава за потврда на веродостојност на податоци,
- потпис на кандидатот.

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на Општина Струмица www.strumica.gov.mk

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма во архивата на општина Струмица или на адреса – Општина Струмица, ул.„Сандо Масев", бр.1, 2400 Струмица, со назнака „за јавен оглас" Телефон за контакт 034/348-030 локал 156

Огласот трае 5 (пет) работни дена не сметајќи го денот на објавувањето на огласот.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава нема да биде предмет на разгледување.

Работното време е организирано во смени и трае од 160 до 184 работни часови во текот на месецот.

Паричен нето износ на плата: 29.556,00 денари

Градоначалник
на општина Струмица
Костадин Костадинов